Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), со ЕМБС 4065573, во име и за сметка на АЛТА БАНКА АД БЕЛГРАД, со седиште на бул. Зоран Џинџиќ 121, 11070 Нов Белград, Република Србија, со ЕМБС 07074433 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020, ја дава следнава

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

на сите акции издадени од Стопанска банка АД Битола со седиште на ул. Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола, Р. Северна Македонија, регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број МК4002995103351 и ЕМБС 5026377.

1. Понудата за преземање се однесува на:
- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 371.538 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола со ИСИН број: MKSBTB101013, освен 19.439 обични акции со право на глас кои се во сопственост на преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички со него.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Стопанска банка АД Битола во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 371.538 обични акции со право на глас по цена од 3.777,00 денари по акција.

   Преземачот ја утврди цената врз основа на највисоката цена по која, преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички со него ја платиле за купување на акции издадени од Стопанска банка АД Битола во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

   Понудената цена од 3.777,00 денари по акција е повисока од просечната цена на обичните акции издадени од Стопанска банка АД Битола, постигната на Македонската Берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

   На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност уплати сопствени средства во вкупен износ од 1.403.299.026,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно во рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 30 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 11.09.2025 година и завршува на 10.10.2025 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 273.795 обични акции со право на глас, што претставува 70,03% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола. Притоа, преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички со него би поседувале 75% плус 1 акција од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 11.09.2025 година

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 09

**Комерцијална банка АД Скопје**